2022

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2022 ГОДИНА

III Квартал

**СОДРЖИНА**


I. ВОВЕД ..... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09м. 2022 година ..... 3

II. ПРИХОДИ ..... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2022 ГОДИНА ..... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ..... 6

Трошоци за вработените ..... 6
Патни и транспортни трошоци ..... 7
Заеднички трошоци ..... 7
Програмски права ..... 8
Останати трошоци од работење ..... 9
Инвестиции ..... 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2022 ГОДИНА ..... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2022 ГОДИНА ..... 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА ..... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ..... 15
2. Побарувања од купувачите во странство ..... 16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА ..... 16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА ..... 17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на ЈРП МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во третото тримесечје од 2022 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 233.598.114 денари и расходи во вкупен износ од 230.778.437 денари со што е остварен позитивен финансиски резултат од 2.819.677 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01. 07 - 30. 09. 2022 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | | Финансиски план 2022г. | | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **333,654,038** | **100.0** | **1,129,900,000** | **100.0** | **233,598,114** | **100.0** | **70.0** | **20.7** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **257,881,786** | **77.3** | **1,123,300,000** | **99.4** | **230,778,437** | **98.8** | **89.5** | **20.5** |
| Трошоци за вработени | 112,321,409 | 33.7 | 484,000,000 | 42.8 | 109,437,338 | 46.8 | 97.4 | 22.6 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 2,143,058 | 0.6 | 6,750,000 | 0.6 | 2,756,265 | 1.2 | 128.6 | 40.8 |
| Заеднички трошоци | 57,043,207 | 17.1 | 216,830,000 | 19.2 | 56,321,784 | 24.1 | 98.7 | 26.0 |
| Програмски права | 62,782,210 | 18.8 | 343,400,000 | 30.4 | 47,958,978 | 20.5 | 76.4 | 14.0 |
| Останати трошоци од работење | 23,591,902 | 7.1 | 72,320,000 | 6.4 | 14,304,072 | 6.1 | 60.6 | 19.8 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **75,772,252** | | | | **2,819,677** | | | |

## II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2022 година реализирани се приходи во износ од 233.598.114 денари.

Како приход со највисок износ е приходот кој МРТ го добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност и истиот во анализираниот период е остварен во износ од 167.625.000 односно 71.8% од вкупно остварениот приход.

По основ на финансирање на програмски и техничко технолошки развој во третиот квартал од 2022 година од Буџетот на РСМ остварен е приход во вкупен износ од 62.400.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 22.450 денари, додека пак по основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) и услуги во странство остварен е вкупен приход во износ од 421.390 денари односно 8.43% во однос на планираниот износ за овие намени.

Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 2.507.141 денари, а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, приходи од вредносно усогласување на побарувања од РДТ, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 30.692 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2022 година е остварен во износ од 591.441 денари што е реализација од 0.3% на планираните средства во Финансискиот план за 2022 година за оваа намена.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2022 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2021 год. | Планирани приходи за 2022 г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2022 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 324,075,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 51.7 | 25.0 | 71.8 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 0 | 354,400,000 | 62,400,000 | 0.0 | 17.6 | 26.7 |
| Закупнини | 67,481 | 500,000 | 22,450 | 33.3 | 4.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 172,438 | 33.3 | 5.7 | 0.1 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 6,080 | 2,000,000 | 248,952 | 4,094.6 | 12.4 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски, дополнително утврдени приходи од претходни години и др) | 2,988,749 | 20,000,000 | 2,507,141 | 83.9 | 12.5 | 1.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 23,781 | 1,500,000 | 30,692 | 129.1 | 2.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 5,975,633 | 75,000,000 | 591,441 | 9.9 | 0.8 | 0.3 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **333,654,038** | **1,129,900,000** | **233,598,114** | **70.0** | **20.7** | **100.0** |

## III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2022 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 230.778.437 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година претставува остварување од 20.5%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 112,321,409 | 484,000,000 | 109,437,338 | 97.4 | 22.6 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,143,058 | 6,750,000 | 2,756,265 | 128.6 | 40.8 |
| Заеднички трошоци | 57,043,207 | 216,830,000 | 56,321,784 | 98.7 | 26.0 |
| Програмски права | 62,782,210 | 343,400,000 | 47,958,978 | 76.4 | 14.0 |
| Останати трошоци од работење | 23,591,902 | 72,320,000 | 14,304,072 | 60.6 | 19.8 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **257,881,786** | **1,123,300,000** | **230,778,437** | **89.5** | **20.5** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 71,980 | 6,600,000 | 2,100,400 | 2,918.0 | 31.8 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **71,980** | **6,600,000** | **2,100,400** | **2,918.0** | **31.8** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **257,953,766** | **1,129,900,000** | **232,878,837** | **90.3** | **20.6** |

### Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2022 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 109.437.338 денари или 22,6% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 108.739.306 денари. Почнувајќи од месец Септември 2022 година, линеарно на сите вработени во ЈРП МРТ нето платата е зголемена за 3.300 денари. Ова усогласување е извршено согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои оствариле право на пензија реализирани во износ од 504.548 денари, трошоците за други примања на вработените остварени во вкупен износ од 191.124 денари кои ги опфаќаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и сл.), како и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 2.360 денари.

Просечната плата по работник за периодот 07-09 месец 2022 година изнесува 37.234 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 2.756.265 денари и истата е реализирана со 40.8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2022 година за оваа намена. Споредено со истиот период од минатата 2021 година, оваа година патните и транспортните трошоци во земјата и странство бележат повисоко остварување кое всушност се должи на зголемениот обем на патувања во анализираниот период за реализација на програмските цели овозможени со постепено намалување на рестриктивните мерки кои беа воведени поради опасноста предизвикана од ширењето на Корона вирусот COVID-19. Реализацијата на патните трошоци во земјата опфаќа патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, фестивал Песна ечи – Струга, фестивал на влашки јазик и денови на влашка култура, Охридски маратон, Охрид фест- Охридски трубадури, филмски фестивал Браќа Манаки, пренос од разни културни настани, концерти, од разни спортски натпревари и друго. Патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата за реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области или присуство на најразлични саеми и средби за програмски цели се однесуваат на патувања во: Прохор Пчински – одбележување на 2 август – Илинден, Турција – снимање емисија по повод 5ти Меѓународни Исламски Олимписки игри за солидарност КОНИЈА 2022, Подгорица – работна посета и средби со менаџерскиот тим на Радиотелевизија Црна Гора, Белград –посета на РТВ Србија и РТВ Хрватска со цел запознавање со дел од студиската опрема во овие две телевизии, Анталија – снимање репортажа за историја, културно наследство и туризам за Сиде, Анталија, Виена – средба со потенцијални партнери за дигитализација и модернизација, Белград – известување од саемот за храна и вино “Отворен Балкан”, Софија – заедничка вежба на полициски единици за специјални операции, Наироби – снимање на документарен филм со Киро Урдин, Брисел – известување од Меѓувладина конференција за старт на преговорите за членство во Европска Унија, Мастрихт –снимање на ексклузивно интервју со Андре Риу и емисија од неговиот концерт во Мастрихт, присуство на конгрес на независни синдикати и работилница во Драч, саем на професионалната ТВ опрема IBC 2022 Амстердам, известување за работна посета на премиерот Димитар Ковачевски и делегацијата во Атина, известување од 77 Генералното собрание на ОН во Њујорк, пренос од официјалната посета на претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски на церемонијата на Софискиот конгресен центар и слично.

### Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2022 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 56.321.784 денари што е реализација од 26.0% на финансискиот план за 2022 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал како и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 577.120 денари, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк со вкупно остварување од 135.919

денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво остварени во вкупен износ од 19.941.029 денари, трошоците за ситен инвентар во износ од 402.798 денари како и телефонските трошоци (фиксна и мобилна телефонија) со интернет и поштарина остварени во вкупен износ од 814.328 денари и трошоците за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се трошоци во износ од 8.996.950 денари. Во рамки на планираните износи за 2022 година остварување бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена во вкупен износ од 1.915.505 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства во износ од 451.151 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 112.748 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 249.863 денари како и трошоците за комунални услуги со вкупна реализација од 1.229.168 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 14.515.362 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 1.818.316 денари, а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат банкарските трошоци и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во вкупен износ од 933.557 денари кои опфаќаат плаќања во земјата и странство а по основ на откупена филмска и спортска програма странство, како и трошоците за осигурување на имот и лица, кои во анализираниот период, се реализирани во износ од 801.267 денари, трошоците за камати од работење и затезни камати реализирани се трошоци во износ од 1.421.725 денари и трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) во износ од 105.944 денари. Дополнително утврдените расходи остварени по основ на пристигнати фактури кои се однесуваат на минати години се остварени во износ од 956.313 денари.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма се остварени во вкупен износ од 47.958.978 денари што претставува 14.0% реализација на планот за 2022 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 18.138.330 денари а се однесува на фактурирана реализација на спортски права за пренос на UEFA Лига на шампиони 2022.

За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 7.359.273 денари.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 8.430.599 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, образованието, забавно-контактни емисии, информативни емисии и серијали како

серијал на Народни приказни на албански јазик, образовен серијал за деца Авантурите на пиратите, ТВ проект на албански јазик со наслов во Туѓа Куќа, ТВ проект Македонисимо на Симон Трпчевски.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 13.667.955 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за пристап до лиценцирани вести од интернет, потоа откуп и емитување на ТВ проектите како Агенда 35, Џентлмен магазин, Приказна, 7 минути здравје, Заеднички поглед на Европа и Технолошки центар, забавна ТВ програма – Квиз со наслов 20 Секунди и ТВ проект за деца Музички Камп.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 14.304.072 денари или остварување од 19.8% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 57.369 денари, трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка се остварени во износ од 5.591.752 денари реализирани со цел да се надмине проблемот со дефицит на кадар во одделни сектори или одделенија во МРТ како и трошоците за обезбедување на услуги за користење на сателитски сегмент во износ од 2.062.299 денари. Трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично, реализирани се во износ од 3.453.237 денари а надоместокот кон ЗАМП за авторско право изнесува 2.627.576 денари.

## Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во третиот квартал од 2022 година фактурираната реализација изнесува 2.100.400 денари, овие средствата се наменети за надградба на систем за архивирање на материјали.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 111,909,609 | 468,000,000 | 108,739,306 | 97.2 | 23.2 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 10,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 169,726 | 3,700,000 | 504,548 | 297.3 | 13.6 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 233,236 | 750,000 | 191,124 | 81.9 | 25.5 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 600,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 8,838 | 300,000 | 2,360 | 26.7 | 0.8 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **112,321,409** | **484,000,000** | **109,437,338** | **97.4** | **22.6** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 618,739 | 2,000,000 | 1,082,887 | 175.0 | 54.1 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,124,009 | 2,200,000 | 941,615 | 83.8 | 42.8 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 1,320 | 100,000 | 2,560 | 193.9 | 2.6 |
| Превоз за службени патувања во странство | 211,947 | 1,000,000 | 447,645 | 211.2 | 44.8 |
| Сопствено возило за службени потреби | 47,100 | 600,000 | 91,054 | 193.3 | 15.2 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 44,250 | 200,000 | 43,944 | 99.3 | 22.0 |
| **Вкупно 2** | **2,047,365** | **6,100,000** | **2,609,705** | **127.5** | **42.8** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 95,693 | 450,000 | 146,560 | 153.2 | 32.6 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **95,693** | **650,000** | **146,560** | **153.2** | 22.5 |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,143,058** | **6,750,000** | **2,756,265** | **128.6** | **40.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 31,057 | 700,000 | 48,916 | 157.5 | 7.0 |
| Технички материјал | 137,051 | 1,370,000 | 528,204 | 385.4 | 38.6 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **168,108** | **2,270,000** | **577,120** | **343.3** | **25.4** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 171,911 | 1,350,000 | 128,731 | 74.9 | 9.5 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 18,058 | 300,000 | 7,188 | 39.8 | 2.4 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **189,969** | **1,900,000** | **135,919** | **71.5** | **7.2** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 4,952,835 | 69,000,000 | 17,146,895 | 346.2 | 24.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,257,426 | 11,500,000 | 1,576,457 | 125.4 | 13.7 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 504,304 | 3,000,000 | 1,217,677 | 241.5 | 40.6 |
| **Вкупно 6** | **6,714,565** | **83,500,000** | **19,941,029** | **297.0** | **23.9** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 102,510 | 1,500,000 | 402,798 | 392.9 | 26.9 |
| **Вкупно 7** | **102,510** | **1,500,000** | **402,798** | **392.9** | **26.9** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 74,657 | 600,000 | 67,712 | 90.7 | 11.3 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 475,600 | 2,100,000 | 498,626 | 104.8 | 23.7 |
| Трошоци за интернет | 242,566 | 800,000 | 219,342 | 90.4 | 27.4 |
| Поштарина | 45,603 | 300,000 | 28,648 | 62.8 | 9.5 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 9,473,656 | 10,000,000 | 8,996,950 | 95.0 | 90.0 |
| **Вкупно 8** | **10,312,082** | **13,800,000** | **9,811,278** | **95.1** | **71.1** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,488,765 | 4,500,000 | 1,101,649 | 74.0 | 24.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 432,351 | 3,500,000 | 451,151 | 104.3 | 12.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 141,462 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 162,981 | 2,500,000 | 112,748 | 69.2 | 4.5 |
| Одржување на GPS уреди | 13,028 | 150,000 | 10,208 | 78.4 | 6.8 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 330,464 | 1,000,000 | 249,863 | 75.6 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 794,590 | 3,700,000 | 813,856 | 102.4 | 22.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработенита од корона вирус | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **3,363,641** | **16,650,000** | **2,739,475** | **81.4** | **16.5** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 580 | 30,000 | 1,430 | 246.6 | 4.8 |
| Дератизација и дезинфекција | 116,550 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 276,452 | 950,000 | 207,339 | 75.0 | 21.8 |
| Трошоци за вода | 492,774 | 3,300,000 | 1,020,399 | 207.1 | 30.9 |
| **Вкупно 10** | **886,356** | **4,580,000** | **1,229,168** | **138.7** | **26.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 76,987 | 1,200,000 | 66,460 | 86.3 | 5.5 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 49,675 | 300,000 | 57,064 | 114.9 | 19.0 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **126,662** | **2,100,000** | **123,524** | **97.5** | 5.9 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,317,378 | 58,000,000 | 14,515,362 | 94.8 | 25.0 |
| **Вкупно 12** | **15,317,378** | **58,000,000** | **14,515,362** | **94.8** | **25.0** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **1,000,000** | **0** | 0.0 | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 93,061 | 500,000 | 268,356 | 288.4 | 53.7 |
| **Вкупно 14** | **93,061** | **500,000** | **268,356** | **288.4** | 53.7 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 396,165 | 1,500,000 | 801,267 | 202.3 | 53.4 |
| **Вкупно 15** | **396,165** | **1,500,000** | **801,267** | **202.3** | 53.4 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 173,615 | 500,000 | 118,145 | 68.0 | 23.6 |
| **Вкупно 16** | **173,615** | **510,000** | **118,145** | **68.0** | **23.2** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **270,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 2,107,076 | 9,000,000 | 1,818,316 | 86.3 | 20.2 |
| **Вкупно 18** | **2,107,076** | **9,000,000** | **1,818,316** | **86.3** | **20.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2,096,183 | 2,700,000 | 815,412 | 38.9 | 30.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 33,782 | 300,000 | 8,062 | 23.9 | 2.7 |
| **Вкупно 19** | **2,129,965** | **3,000,000** | **823,474** | **38.7** | **27.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 307,461 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **307,461** | **400,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 12,048,680 | 10,000,000 | 956,313 | 7.9 | 9.6 |
| **Вкупно 21** | **12,048,680** | **10,000,000** | **956,313** | **7.9** | **9.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,636,890 | 3,500,000 | 1,421,725 | 86.9 | 40.6 |
| **Вкупно 22** | **1,636,890** | **3,500,000** | **1,421,725** | **86.9** | **40.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 851,973 | 2,000,000 | 532,571 | 62.5 | 26.6 |
| **Вкупно 23** | **851,973** | **2,000,000** | **532,571** | 62.5 | 26.6 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 117,050 | 850,000 | 105,944 | 90.5 | 12.5 |
| **Вкупно 24** | **117,050** | **850,000** | **105,944** | **90.5** | **12.5** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **57,043,207** | **216,830,000** | **56,321,784** | **98.7** | **26.0** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 4,673,921 | 25,000,000 | 7,359,273 | 157.5 | 29.4 |
| Останати програмски права | 10,522,479 | 99,500,000 | 13,667,955 | 129.9 | 13.7 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за јуниорски евросонг | 0 | 400,000 | 362,821 | 0.0 | 90.7 |
| Права за спортски настани | 17,089,838 | 98,000,000 | 18,138,330 | 106.1 | 18.5 |
| Копродукциски проекти | 30,495,972 | 118,000,000 | 8,430,599 | 27.6 | 7.1 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **62,782,210** | **343,400,000** | **47,958,978** | **76.4** | **14.0** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 635,840 | 500,000 | 103,388 | 16.3 | 20.7 |
| **Вкупно 26** | **635,840** | **500,000** | **103,388** | **16.3** | **20.7** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 0 | 400,000 | 57,369 | 0.0 | 14.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 7,279,182 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 1,200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.07.-30.09.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 21,000 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 7,086,288 | 21,000,000 | 5,591,752 | 78.9 | 26.6 |
| Трошоци за проект Евровизија | 11,683 | 3,300,000 | 243,112 | 2,080.9 | 7.4 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 1,000,614 | 8,300,000 | 2,062,299 | 206.1 | 24.8 |
| **Вкупно 27** | **15,398,767** | **40,100,000** | **7,954,532** | **51.7** | **19.8** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останат и услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,152,422 | 13,600,000 | 3,453,237 | 109.5 | 25.4 |
| Котизации и акредитации | 61,495 | 200,000 | 165,339 | 268.9 | 82.7 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 0 | 13,500,000 | 2,627,576 | 0.0 | 19.5 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 4,319,384 | 4,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **7,533,301** | **31,600,000** | **6,246,152** | **82.9** | **19.8** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 23,994 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **23,994** | **120,000** | **0** | **0.0** | 0.0 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **23,591,902** | **72,320,000** | **14,304,072** | **60.6** | **19.8** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **257,881,786** | **1,123,300,000** | **230,778,437** | **89.5** | **20.5** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 71,980 | 6,600,000 | 2,100,400 | 2,918.0 | 31.8 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **71,980** | **6,600,000** | **2,100,400** | 2,918.0 | 31.8 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **257,953,766** | **1,129,900,000** | **232,878,837** | **90.3** | **20.6** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2022г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2022 година изнесува:

- Комерцијална банка 233.007 денари
- Халк банка 2.467.455 денари
- Тутунска банка 911.705 денари
- Стопанска банка 23.360 денари
- Шпаркасе банка 107.697 денари
- Прокредит банка 1.929 денари

***Вкупно на сметки : 3.745.153 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2022 година изнесува:

- Комерцијална банка 126.09 ДКК
- Стопанска банка 127.55 УСД

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2022ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.09.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,078,330,531 | 2,057,035,670 | 99.0 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 41,083,080 | 41,887,007 | 102.0 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,106,382,784 | -2,084,370,847 | 99.0 |
| **Вкупно:** | **13,030,827** | **14,551,830** | **111.7** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.09.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,037,439,870 | 2,032,914,575 | 99.8 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 40,890,661 | 24,121,094 | 59.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,066,738,952 | -2,044,727,014 | 98.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **12,308,655** | **106.2** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.09.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,025,159,414 | 2,021,037,778 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 8,082,137 | 8,766,700 | 108.5 |
| - радио и телевизиски услуги | 113,627 | | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 103,720 | 107,429 | 103.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 3,574,018 | 2,799,191 | 78.3 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 203,477 | 50.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 40,890,661 | 24,121,094 | 59.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,066,738,952 | -2,044,727,014 | 98.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **12,308,655** | **106.2** |

### Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2022 година изнесуваат вкупно 2.243.175 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.09.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,011,931 | 37,402,666 | 103.9 |
| - ТВ услуги | 541,233 | 540,073 | 99.8 |
| - технички услуги | 2,816,646 | 3,048,259 | 108.2 |
| - побарувања од закупнини | 16,822 | 16,786 | 99.8 |
| - отстапени права | 1,093,692 | 427,713 | 39.1 |
| - фестивали во странство | 316,951 | 141,649 | 44.7 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 285,805 | 309,861 | 108.4 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -39,643,832 | -39,643,832 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **1,439,248** | **2,243,175** | **155.9** |

## VI. КАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2021 год. | состојба на 30.09.2022 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **384,053,871** | **344,824,013** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 104,195,178 | 101,489,555 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,561,202 | 28,213,205 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 37,459,332 | 21,216,748 |
| Обврски спрема вработените | 26,612,577 | 26,389,082 |
| Обврски за авторски договори | 9,627 | 0 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 151,352,374 | 149,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 673,711 | 708,678 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 5,383,450 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 28,192,900 | 12,260,217 |
| **Долгорочни обврски** | **192,177,436** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 8,375,445 | 8,375,445 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 148,583,125 | 148,583,125 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 35,218,866 | 35,218,866 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **576,231,307** | **537,001,449** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2022 година изнесуваат 537.001.449 денари и истите се намалени за 39.229.858 денари во однос на состојбата на 31.12.2021 година.

# VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.09.2022 година изнесува вкупно 641 лице, што е помалку за 51 лице или за 7.4% во однос на состојбата на 30.06.2021 година.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2022 | 1 | 38 | 319 | 10 | 300 | 0 | 21 | 3 | 692 | |
| 30.09.2022 | 1 | 37 | 297 | 9 | 278 | 0 | 16 | 3 | 641 | -51 |
| структура 30.06.2022г.(%) | 0.2 | 5.8 | 46.3 | 1.4 | 43.4 | 0.0 | 2.5 | 0.5 | 100.0 | -7.4 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2022 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2022 | 479 | 146 | 26 | 21 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 692 | |
| 30.09.2022 | 438 | 139 | 25 | 20 | 6 | 5 | 4 | 2 | 2 | 641 | -51 |
| структура 30.06.2022г. (%) | 68.3 | 21.7 | 3.9 | 3.1 | 0.9 | 0.8 | 0.6 | 0.3 | 0.3 | 100.0 | -7.4 |

Во текот на третото тримесечје од 2022 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во истиот период 46 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа по основ на стекнување на правото за пензионирање и тоа 22 лица со ВСС, 1 лице со ВС, 18 лица со ССС и 5 лица со КВ. Двајца вработени, 1 со ВСС и 1 со ССС, се заминати на користење на неплатено отсуство додека пак 3 лица со ССС се починати.

Скопје, Октомври 2022 година

Директор на ЈРП МРТ

___________________________

Марјан Цветковски